UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# МАЈ 2021

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

11



## НАСЛОВИ

**Уводник:** Свест за животната средина
стр **1**

**COVID-19** одговор и други ОН активности
страници **2 и 3**

**ОН Заеднички програми & Во фокус**
стр **4**

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

МАЈ

**11** УНОДЦ учествуваа на координативниот донаторски состанок за владеење на правото за да се дискутира можната соработка и да се запознаат релевантните чинители со активностите во земјата од Регионалната програма на УНОДЦ за Југоисточна Европа

**11** УНОДЦ учествуваа на првата хибридна средба на генералното собрание на Асоцијацијата на шефови на полициските служби во ЈИЕ (СЕПКА)

**21-22** - ХЕРА ја спроведува четвртата серија обуки за специјализирани даватели на услуги за жртвите на насилство врз жени (21-22 мај). Обуките се дел од регионалниот проект на UN Women „Имплементирање на норми, менување на умот", финансирано од Европската унија

**25** Регионален дијалог „Прашања за политиките и управувањето за трансформација на системите за храна во Европа и Централна Азија" организирано од UN Issue-based Coalition за одржливи системи за храна за Европа и Централна Азија, со која претседаваат ФАО, УНИЦЕФ и СЗО, во пресрет на Самитот на ОН за системи за храна во септември 2021

**27-28** - ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, во партнерство со Коалицијата Маргини и Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, спроведуваат онлајн обуки за медиумските работници вон Скопје за родово-базирано насилство врз жените и девојчињата, како дел од регионалниот проект на UN Women „Имплементирање на норми, менување на умот", финансирано од Европската унија

www.facebook.com/1un.mk
www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН



Минатата година не потсети колку е важно здравјето, но, и ја поттикна еколошката свест за нашите општества и за комплексната поврзаност на нашето влијание врз животната средина и здравјето.

Обидувајќи се да ги избегнат преполните места, полицискиот час, и ограничувањата на градскиот живот за време на пандемијата, голем број– особено млади семејства – го заменија урбаниот живот во Скопје, Битола, Куманово и други градови со мирот и спокојството на оддалечените села, честопати онаму каде што живееле нивните баби и дедовци. Многумина бараа природни лекови за да го зајакнат своето здравје и имунитет, особено производи од мед, тревки и напивки од тревки, а некои се свртеа кон придобивките од природните млечни производи. Други едноставно сакаа да го избегнат стресот од пандемијата, да дишат без маска, безбедно скриени и заштитени од мноштво дрвја и грмушки.

Се навраќаме на природата секојпат кога сме во стрес, но дали правиме доволно за да ја зачуваме?

Иако ситуацијата се подобри, Скопје помеѓу градовите во регионот и понатаму е на врвот на листата за загаденост на воздухот во зимскиот период. Загадувањето на Вардар и на другите реки и езера од неодговорните индустрии и поединци не запира. Како место каде може да се побегне од Скопје за време на викендите, Водно и понатаму страда поради лошото урбанистичко планирање и илјадниците „планинари" на кои не им е грижа каде ќе ги фрлат пластичните шишиња за вода откако ја изгаснале жедта. И Охридското езеро, едно од најзначајните места во оваа прекрасна земја, се дави во урбаниот хаос од дивоградби во последниве децении, како закана да се наруши вековната култура и историја.

Климатската акција и еколошката свест драстично се зголемија во последната деценија, и локално и глобално, но, промената која го отсликува позитивното влијание врз планетата преостанува да ја почувствуваме понатаму. За тоа постојат многу причини и нема лесни решенија, но отсуствува разбирањето за тоа како влијаеме со нашето поединечно дејствување. Неопходно е со тоа неодложно да се справиме.

Прво, треба да продолжиме да ги потсетуваме сите колку е важна нашата животна средина за здравјето и квалитетниот живот во нашите заедници. Второ, треба да поттикнеме разбирање дека еколошката акција претставува можност и инвестиција за самите нас, алатка што ќе ни помогне во борбата против сиромаштијата и нееднаквоста, поттикнување на вработеноста и засилување на економијата. Трето, важно е постапувањето на СЕКОГО, а секој еден може да дејствува. Всушност, доколку тоа се поддржи со соодветни инвестиции и неопходна инфраструктура, зголемениот фокус на руралните области и егзистенцијата може значително да придонесе за подобар, поправичен одржлив развој. Дејствувањето за да помогнеме планетата да закрепне и да се заштити може да биде едноставно лично дејствување, или преку прифаќање на исхрана од растително потекло, урбано градинарство, садење дрва, или чистење на природата околу нас. Да се прекине користењето на производи за еднократна употреба или да се намали отпадот од храна е лесно, а тоа ќе придонесе за големо влијание.

Од оние кои имаат моќ да донесуваат или спроведуваат закони за заштита на животната средина, оние кои ги спроведуваат и контролираат политиките и инфраструктурните проекти, до оние кои ретко размислуваат за влијанијата на малите инсекти – на пример пчелите- врз нашето здравје или кои се премногу уморни в раце да го носат веќе испразнетото пластично шише. СИТЕ ние треба да дејствуваме, за доброто на сите нас.

**Росана Дуџак**
Постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија

# COVID-19 ОДГОВОР И ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ

Агенциите на ОН продолжуваат да даваат поддршка на одговорот на КОВИД-19 во земјата со конкретни интервенции и длабински анализи за прашања што се дел од нивната област на експертиза.

Пандемијата ја одбележаа и инциденти со прекршување на работничките права. Меѓународната организација на трудот (МОТ) ги препозна заложбите на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) за заштита и постапување во име на овие работници, и го поддржа ССМ во изработката на мобилна апликација за пријавување на секој тип на прекршување на правата од работен однос. МОТ го поддржа и креирањето на механизам за официјално упатување на предметите од ССМ до Државниот трудов инспекторат за натамошно постапување. Апликацијата ССМ – Мои работнички права е достапна за Android и iOS.

Светската здравствена организација (СЗО) и МОТ подготвија привремено упатство за КОВИД-19: Безбедност и здравје при работа за здравствените работници (англиски link), преведено и на македонски. Дополнително на мерките за здравје и безбедност при работа за здравствените работници и услугите за здравје при работа во контекст на пандемијата, упатството ги содржи и правата и обврските за здравје и безбедност при работа на здравствените работници според стандардите на МОТ. Документот е наменет за работодавачите и раководителите на здравствените установи, здравствените работници и нивните претставници, експертите за здравје и безбедност при работа, експертите за спречување и контрола на инфекции во јавните и приватните здравствени установи и креаторите на политики.

Канцеларијата на ОН за проектни услуги (УНОПС) започна со имплементација на проектот за давање итен одговор на КОВИД-19 во Северна Македонија, финансиран од Светска банка (4.3 милиони евра). До септември 2021, со проектот ќе се поддржува јакнењето на оперативниот капацитет на Министерството за здравство преку обезбедување медицинска опрема и обуки за крајните корисници, и со тоа ќе придонесе за зајакнување на подготвеноста на националниот јавно-здравствен систем.

Во мај, Северна Македонија ја прими втората пратка на вакцини за КОВИД-19 од механизмот КОВАКС, со што вкупниот број на вакцини обезбедени преку механизмот КОВАКС достигна 62,400. Северна Македонија е една од само-финансирачките земји и економии што учествува во механизмот КОВАКС и ја користи глобалната мрежа за набавка и логистика на Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ) за поддршка при набавките и испораката на вакцини.

## LATEST EPIDEMIOLOGICAL DATA (9 June 2021)

**155,418** CONFIRMED COVID-19 CASES

**5,458** COVID-19-RELATED FATALITIES

**270,135** VACCINE DOSES ADMINISTERED

Weekly new cases reported




Weekly deaths reported




For latest data see covid19.who.int/region/euro/country/mk

УНИЦЕФ и Министерството за труд и социјална политика со заеднички заложби ја истакнаа важноста на поддршката за семејствата за да се дава грижа и поддршка на децата која што е неопходна за нивниот напредок и раст во животот. Тоа е особено важно за време на пандемијата со КОВИД-19 бидејќи семејствата се трудат да го одржат учењето на децата и функционирањето на семејствата. Партнерите ја реафирмираа заложбата за заедничка работа за да се заштити правото на секое дете да расте во семејна средина со грижа. Тоа вклучува и да се обезбеди најдобриот интерес на секое дете преку заштита од непотребно одделување од семејствата; спречување на разделувањето на семејствата преку програми за најранливите семејства за да се надминат проблемите пред да се влошат, и развој на услуги во заедницата коишто ќе им помогнат на семејствата да останат заедно. Тоа вклучува и работа за зголемување на квалитетот на семејно и алтернативно згрижување за деца кои веќе се згрижени од државата, и враќање на децата во семејствата или изнаоѓање на други трајни решенија за семејна грижа.

СЗО организираше обука за обучувачи за следење на контактите за КОВИД-19, наменета за 20 епидемиолози на 19 мај. Следењето на контактите е клучен елемент во контролата на ширењето на КОВИД-19 преку прекинување на синџирот на пренесување од човек на човек.

На 26 мај, заедно со Министерството за здравство, СЗО организираше дијалог за политики „Здравствената нееднаквост и КОВИД-19 во Северна Македонија: Вложување во здравјето и добросостојбата за поправична и поеднаква иднина за сите". Дијалогот за политики беше организиран како завршен настан за кампањата за здравствената нееднаквост на Светскиот ден на здравјето 2021 (Создавање на поправичен, поздрав свет).

Во мај, СЗО донираше лична заштитна опрема и дијагностичка опрема на Министерството за здравство/Институт за јавно здравје за да се поддржи одговорот на Северна Македонија на КОВИД-19, односно, наметки, визири, заштитни ракавици и ќеси за биолошки опасен отпад за здравствените работници во првите редови. Донацијата во вредност од 54,000 американски долари беше составена од 15,000 пакети за земање примероци, 12,000 рачни ПЦР тестови, систем за пречистување и ПЦР систем во реално време што ќе ги зајакне националните способности за тестирање.

За да се одговори на потребата за поддршка на функционалноста на новите изработени модули за имунизација, беа надградени хардверските капацитети на Управата за електронско здравство, како дел од проектот на Партнерскиот фонд. Со оглед дека еден од стратешките приоритети на Владата на Северна Македонија за одржување на основните здравствени услуги е и воспоставување на функционален електронски систем за имунизација и зголемување на неговите капацитети согласно на новите потреби поради КОВИД-19, СЗО Северна Македонија изврши набавка на соодветно складиште.

СЗО, Министерството за здравство и УНИЦЕФ се здружија во одбележувањето на Европската недела на имунизација во Северна Македонија, истакнувајќи ја важноста на рутинската вакцинација и стекнувањето доверба на јавноста за безбедноста и ефикасноста на вакцините за КОВИД-19. СЗО и партнерите ги истакнаа повеќето начини на кои вакцините ни овозможуваат да водиме здрав и продуктивен живот преку спречување на ширењето на болестите коишто може да се спречат со вакцините.

На 10 мај, Др. Џихан Тавила, претставничка на СЗО во Северна Македонија ја посети специјалната болница за геријатриска и палијативна грижа „13 Ноември" во Скопје. За време на посетата, заедно со болничкиот тим дискутираа за важноста на мутидисциплинарната грижа за постарите лица, кои се и најранливи на КОВИД-19.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ОН

Иницијативата „Учиме за планетата Земја" организирана од Бирото за развој на образованието со поддршка од УНИЦЕФ, вклучи 1.160 наставници и 34.304 ученици кои учествуваа во наставни активности за климатските промени и климатската акција.

УНИЦЕФ промовираше серија на видеа со операторите на бесплатната линија за родители, со куси совети за родителите за техниките за позитивно родителство. Опфатени се теми за практичните начини за позитивно родителство, последиците од физичкото дисциплинирање, социо-емоционалниот развој, справување со стресот за време на криза, и ментална хигиена за родителите и старателите.

УНИЦЕФ го обнови партнерството со Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) за да се продолжи поддршката за младинското социјално претприемништво – преку програмата UPSHIFT – за да се вклучат млади лица на возраст од 13 до 19 години во осмислување иновативни решенија за социјален проблем што го идентификувале во својата заедница. Во текот на следните три години, партнерите ќе работат со млади луѓе на изработка на еко-решенија за предизвиците на животната средина и климатските промени.

Благодарение на партнерството меѓу УНИЦЕФ и онлајн платформата Отворете ги прозорците, осумдесет стручни лица од дневните центри, детските градинки, центрите за социјална работа и единиците на локалната самоуправа беа обучени како да ја користат онлајн платформата Отворете ги прозорците за давање индивидуализирана поддршка на децата со попреченост. Овие стручни лица ќе овозможат да се прошири и одржува давањето онлајн услуги, во поддршка на семејствата и децата со попреченост кои не се во можност да добиваат услуги од специјални едукатори и рехабилитатори во местата каде што живеат.

Во соработка со Националното здружение на медицински сестри, техничари и акушерки, УНИЦЕФ спроведе 15 обуки за основно психо-социјално советување во март-април 2021, за градење на капацитетите на 200 патронажни сестри за основна психо-социјална поддршка за семејствата со бремени жени и мајки со новороденчиња.

Како дел од отпочнувањето на програмата за социо-емоционално учење во предучилишните установи, во

# ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ (продолжува)

текот на месец мај и јуни, УНИЦЕФ поддржува серија на обуки за градење на капацитетите на 280 нови наставници од предучилишните установи. Преку обуките, наставниците од предучилишното образование ќе се запознаат со невронауката која што претставува основа за социо-емоционалното учење, ефектите од стресот и негативните искуства врз децата и разни стратегии за социјални и емоционални вештини кај децата и наставниците. Социо-емоционалното учење е особено релевантно за време на пандемијата со КОВИД-19 со оглед дека се дава поддршка за менталното здравје и добросостојба на децата преку помагање на учениците да се справат со несигурноста, да ги регулираат своите емоции и да се справуваат со неочекуваните и тешките околности.

**Фондот за население на ОН (УНФПА)** го поддржува Министерството за труд и социјална политика во подготовката на подзаконски акти за новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Законот стапи во сила на 6 мај 2021.

**Организацијата за храна и земјоделство на ОН (ФАО)** започна со имплементација на регионалниот проект со цел создавање на поволно опкружување за зајакната климатска резилиентност во земјоделието преку јакнење на семенскиот систем во земјата и унапредување на квалитетот на видовите семиња со климатска резилиентност. Во партнерство со Земјоделскиот институт во Скопје, ФАО организира пробни обиди за мултиплицирање на семенскиот материјал од избрани соеви на растителни култури за да се оценат влијанијата од климатските промени врз производството под различни услови, како и ефектите од примената на разни агро-технички мерки за да се зголеми отпорноста на одгледуваните култури на климатските промени. Крајната цел на овие активности е да се обезбеди квалитетен семенски материјал и истиот ќе биде ставен на располагање на земјоделците.

Во рамки на проектот МАИНЛАНД, финансиран од ЕУ-ФАО, напредува консолидацијата на земјиштето во деветте проектни области. Првиот проект за консолидација на земјиштето во земјата – село Егри (општина Битола) – беше официјално регистриран во катастарот на недвижнини. Како резултат, 214 сопственици на земјиште ќе стекнат сопственичко право и ќе ја започнат земјоделската сезона на новите консолидирани земјишни парцели, коешто пак ќе овозможи подобри и поефикасни земјоделски практики. Со консолидација на земјиштето, бројот на земјишни парцели во Егри се намали речиси четирикратно, од 874 на 260 парцели, со просечна големина од 1.30 хектари (од 0.38 хектари претходно). Консолидацијата на земјиштето во Егри вклучува и инвестиции за подобрување на земјоделската инфраструктура, како што се изградба на одводни канали, проширување на постоечката мрежа за наводнување и изградба на пристапни патишта, коишто се очекува дека ќе бидат завршени до крајот на 2021.

Како дел од проектот на ФАО за техничка соработка „Поддршка за интегриран развој на локалните заедници", ФАО спроведува активности во заедниците во неколку пилот области. Една од нив е и тековното реновирање на повеќенаменскиот дом на културата во село Спанчево, со цел да се одговори на социјалните, културните и управните потреби на селата Спанчево, Соколарци и Чешиново (општина Кочани). Во исто време, општинското училиште во село Соколарци ќе добие модерна опрема за осветлување, а училишниот двор и фудбалскиот терен ќе се стават на располагање на децата и на целата заедница. Слични пилот активности ќе бидат започнати во претстојните месеци во втората пилот заедница во Битола, односно, селата Егри, Жабени и Оптичари. Овие активности се во склад со тековната работа на ФАО за консолидирање на земјиштето во истите области, каде што ФАО и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе работат заедно за да се прошири поддршката вон рамките на реформата за земјоделското земјиште.

Во мај, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВС) објави дека 250 жени земјоделски производители ќе добијат финансиска поддршка за јакнење на нивните бизниси преку Мерката 115 за поддршка на жени земјоделски производители во рамки на Националната програма за земјоделство и рурален развој (2018-2022). Со поддршка од **UN Women** во рамки на проектот за родово одговорно буџетирање, работната група за родова еднаквост во МЗШВС го поддржа развојот на мерката, како прва мерка за давање финансиска поддршка на сите регистрирани жени – земјоделски производители во Северна Македонија.

Во рамки на проектот на UN Women за родово одговорно буџетирање, UN Women и Државниот завод за статистика (ДЗС) во Северна Македонија ќе потпишат Меморандум за разбирање за да се поддржи јакнењето на капацитетите на ДЗС за родова еднаквост, родово одговорно буџетирање, и изработка на алатки и методологии за спроведување на родови ревизии.

Десет нови општини ќе добиваат поддршка преку проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: Кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и Шведската меѓународна агенција за развој и соработка (СИДА). Во проектот ќе бидат вклучени 31 општина.

Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување (ХЕРА) ја организираше третата серија обуки за јакнење на капацитетите на граѓанските организации за обезбедување специјализирани услуги на жртвите на насилство надвор од Скопје (7-8 мај). ХЕРА е партнерска организација на UN Women во рамки на регионалниот проект „Имплементирање на норми, менување на умот", финансиран од ЕУ.

**Високиот комесар за бегалци на ОН (УНХЦР)**, партнерите и вработените во прифатниот центар Визбегово заеднички ги одбележаа верските празници со барателите на азил кои се сместени во центарот, дискутирајќи и учејќи за локалните традиции за време на Велигден и Рамадан.

УНХЦР во партнерство со Правниот факултет Јустинијан Први и Центарот за право на бегалци и миграции успешно го акредитираа и започнаа модулот за Право за бегалци. Модулот е составен од четири различни курсеви: Бегалци и мигранти, Меѓународно право за бегалци, Право на ЕУ за азил и бегалци, Програма на правната клиника – Правна клиника за право за бегалци, и истиот ќе се спроведува во третиот семестар во рамки на Меѓународно јавно право како дел од постдипломските студии за меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ.

На 12 мај, **Развојната програма на ОН (УНДП)** и Градот Скопје го отворија новиот зелен покрив на Домот на културата „Кочо Рацин", изграден како дел од приоритетните мерки за отпорност на климатските промени, коишто се идентификувани преку проектот на УНДП „Отпорно Скопје". Зелениот покрив опфаќа површина од 390 m2, вклучително и наводнувана зелена површина, поплочени патеки, урбана опрема, осветлување, итн. На покривот се засадени 3,676 садници, меѓу кои и дрвја, грмушки и трева. Засадени се над 30 различни видови на садници кои се безбеден дом за различни видови (птици, инсекти, итн). Овој уникатен простор ќе ја намали температурата во градскиот центар, ќе ја зголеми отпорноста на градот и ќе го подобри квалитетот на урбаното живеење.

УНДП го заврши процесот на селекција од Вториот повик за финансиска поддршка за домаќинствата од Лисиче за замена на грејните тела на огревно дрво, јаглен, нафта или отпад со цел намалување на загадувањето на воздухот во Скопје. 81 домаќинство беа избрани како подобни за повикот. Избраните домаќинства ќе бидат изложени на интервенции за енергетска ефикасност за време на летото и есента во 2021. Критериумите за избор беа изработени во консултации со експерти од областа, и главно се насочени кон ранливите категории на граѓани. Од таа причина, не се предвидени опции за ко-финансирање. Дополнително, со повикот се дефинирани само две групи на мерки коишто ќе бидат финансиски поддржани: замена на старите неефикасни грејни тела со нови и замена на дрвените прозорци со опции со поголема енергетска ефикасност.

УНДП ја објави имплементацијата на првата апликација која ќе овозможи пишаниот текст на македонски и албански јазик да се слушне и разбере во аудио верзија, како алатка наменета за лицата со оштетен вид. Овој нов е-производ е развиен за мобилна и десктоп верзија, преку партнерство на УНДП, Министерството за труд и социјална политика и Националниот сојуз на слепи. Тоа ќе им помогне на слепите лица и лицата со оштетен вид успешно да ги процесираат пишаните информации и полесно да навигираат низ дигиталниот простор. Конечната верзија на овој производ се очекува да се стави во употреба ова лето.

**Меѓународната организација за миграции (ИОМ)** Северна Македонија поддржа две младински иницијативи, односно реновирање на мостот во Руница и отворање на младинскиот културен центар во Слупчане. Двете иницијативи беа спроведени од младите во Липково преку проектот „Поддршка за младите", финансиран од Владата на Обединетото Кралство. Животите на учениците и наставниците од руралното село Руница се променија со новиот мост што се протега низ селото низ кое минува река. Тие се благодарни бидејќи можат безбедно и брзо да ја преминат реката која во минатото создаваше бројни предизвици и ризици. Младинскиот културен центар се очекува да ги зголеми можностите за вработување на младите преку создавање на вештини за пишување куси биографии и за интервјуа; младите ќе се вклучат во заедницата и со тоа ќе го поттикнуваат и унапредуваат граѓанското учество. Сепак, крајната цел е тие да поминуваат време со други млади луѓе во неосудувачко опкружување каде што се чувствуваат безбедно, и со тоа ги развиваат и своите вештини за лидерство.

**„Градење општество на различности – Еднаквост и инклузија на лицата со попреченост преку системски реформи“**

Со цел да се постигне трансформативна промена со реални влијанија врз животот на луѓето, семејството на Обединетите нации во Северна Македонија работи со националните партнери на градење на поинклузивно и одржливо општество; општество во кое се почитува богатството на различности, и каде секој, вклучително и лицата со попреченост, уживаат еднакви права и можности за просперитет. Декадата на акција за Целите за одржлив развој (ЦОР) повикува да се забрза напредокот и заложбите за реализација на амбициозната, универзалната и инклузивната Агенда 2030. Социјалната, економската и политичката инклузија на сите, и искоренувањето на повеќекратните и интерсекциските нееднаквости коишто честопати влијаат на лицата со попреченост, се нераздвоен дел на таа цел.

Тимот на ОН во земјата започна нова заедничка програма, финансирана преку Партнерскиот фонд на Партнерството на ОН за правата на лицата со попреченост (УНПРПД МПТФ), со цел во земјата да се унапреди имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП) и ЦОР што ја вклучуваат и попреченоста. Заснована на пристапот кон попреченоста, заснован на човековите права, програмата има за цел да се продлабочат партнерствата помеѓу агенциите на ОН, Владата, организациите на лицата со попреченост (ОЛП), националните институции за човекови права, и граѓанското општество за да се оствари колективното ветување за никој да не биде изоставен.

Водејќи се од Стратегијата на Обединетите Нации за инклузија на попреченоста (УНДИС), ОН подготвуваат системски и одржливи интервенции коишто одговараат на националниот контекст и приоритети, и се усогласени со КПЛП и меѓународните стандарди. Програмата ќе се насочи кон оснажување на лицата со попреченост и нивните претставнички организации како носители на права и агенти за промена, и на зголемување на владините капацитети за отстранување на пречките кои го ограничуваат нивното целосно учество во општеството.

Преку пристап на вклученост на разни чинители и сектори, ОН ќе ги преточат структурните предуслови за инклузија на попреченоста во политики, системи и услуги. Тие предуслови подразбираат еднаквост и недискриминација, паралелни услуги, пристапност, ефективно учество на лицата со попреченост, сеопфатно буџетирање и управување за попреченоста, и отчетност и управување. Дополнително, ќе се работи и на правата и инклузијата на маргинализираните и недоволно застапените лица со попреченост, родовата нееднаквост и правата на жените и девојчињата со попреченост, кои е веројатно најмногу да заостануваат зад другите.

Целосната програма ќе се подготви до средината на месец јули, врз основа на идентификуваните празнини и можности во текот на воведната работилница и преку анализата на состојбата. Седум-дневната обука што се одржа од 18 до 25 мај придонесе да се подигне нивото на разбирање на КПЛП и знаењето за ЦОР што ја вклучуваат и попреченоста кај 50 учесници како претставници на организациите на лицата со попреченост и други клучни чинители. Анализата на контекстот ќе се користи за прибирање на докази и податоци, да се идентификуваат конкретните потреби и да се добијат информации за целата програма. Ќе биде даден и преглед на програмските цели, конкретните активности, излезните резултати и исходи што треба да се постигнат, како и на структурата на партнерството со повеќе чинители, со што ќе се насочи имплементацијата на програмата во следните две години.

Во сите фази на заедничка подготовка на програмата и нејзината имплементација, ОН и понатаму проактивно ќе се ангажираат со низа на разни чинители, од сите гранки и нивоа на власта, независни институции за човекови права, ОЛП, даватели на услуги и граѓанското општество. За да се обезбеди пристап на цело општество, ќе бидат консултирани и дополнителни чинители, како што се од приватниот сектор, академската заедница и меѓународните партнери. Лицата со попреченост, пред сè, со сите свои различности, и понатаму ќе имаат важна улога во споделувањето на нивните животни искуства и потреби коишто се од суштинска важност за нивниот независен и достоинствен живот и инклузија кои преку програмата се тежнее да се унапредат во земјата.

# ВО ФОКУС

**Унапредување на родовата еднаквост или нејзино уназадување?**

**Кризата со КОВИД-19 е незамислива во однос на нејзината сериозност. Што значи тоа за родовата еднаквост?**

Пандемијата изврши влијание на секој дел од животот, и на човештвото му даде многу лекции. Една од нив е и колку длабоко е вкоренета родовата нееднаквост во нашите општества, и како лесно може да се уназади и покрај постигнатите придобивки.

Брзата родова проценка (БРП) за Северна Македонија на UN Women покажа дека КОВИД-19 имаше несразмерно влијание врз жените и мажите во земјата. Поконкретно, жените поминуваат повеќе часови во неплатена домашна работа и грижа и една на три жени се изјасниле дека се мачат да ги платат трошоците за храна, хигиенски производи, наемнина и комуналии.

**Какво беше влијанието врз жените на пазарот на трудот?**

Здравствената криза и мерките за заштита на здравјето на луѓето доведе до опаѓање на економската дејност во Северна Македонија. Со цел заштита на здравјето и спречување на ширењето на вирусот, Владата, како и многу други влади, се одлучи за построги мерки како што се затворање на копнените граници, аеродромите, ресторантите и кафетериите, забрана за одржување на јавни настани, затворање на училиштата и ограничено движење.

Наглото намалување на економската дејност влијаеше на пазарот на трудот; севкупната невработеност забележа надолен тренд во втората половина на годината, меѓутоа, беше проследена со зголемен тренд на неактивност. Стапката на невработеност на жените во 2020 опадна блиску под 16% споредено со 18,4% во 2019, меѓутоа, родовата нееднаквост се зголеми за 2,1% во 2020 споредено со 1,8% за мажите.

Пандемијата предизвика голема промена во начинот на работа, а работодавачите и работниците во голема мера се префрлија на работа од дома. Според БРП, тоа беше случај со 35% од вработените жени кои беа анкетирани, во споредба со 23% од мажите.

**Како беа земени предвид различните потреби на различни групи на жени и мажи, девојчиња и момчиња во одговорот на Владата на КОВИД-19?**

Владата изврши прераспределба на буџетите за да се задржи економската стабилност во земјата. До средината на декември 2020, четири пакети со 70 анти-кризни мерки беа усвоени, што изнесуваше околу 10% од БДП во 2020. Иако според Законот за еднакви можности на жените и мажите е предвидено да се примени родово одговорно буџетирање и креирање на политики, не постојат докази дека пред подготовката на мерките биле направени родови анализи и проценки.

Пандемијата зададе посилен удар на работните места на жените, што посочи на нивната поголема ранливост, иако со антикризните мерки се воведоа субвенции коишто спречија потенцијална поголема загуба на работни места кај жените отколку кај мажите. Во просек, жените користеа 47% од вкупните субвенции за плати на вработените во периодот од април-јуни (2020). Процентот на жени кои користеа додатоци за невработеност се зголеми од 52% на 56% во октомври 2020 поради поголемиот број на загубени работни места на жените.

Процентот на жени кои учествуваа во програмите за активни мерки за вработување опадна до 43.8% споредено со 52.5% во 2019. Дополнително, процентот на жени кои добиваа поддршка за само-вработување (поддршка за стартап бизниси) во 2020 опадна во споредба со претходната година (од 33.3% на 30.9%).

Иако критериумите за примање на минимален загарантиран приход беа изменети за да се овозможи поголем опфат, процентот на жени корисници остана ист како и во 2019 (35% од вкупниот број на домаќинства), додека вкупниот број на корисници на загарантиран минимален приход се зголеми за 14%.

Кризата со КОВИД-19 ги извади на површина главните ранливости во системите за управување и ги влоши постоечките нееднаквости, со различно влијание врз жените и мажите. Со оглед на постоечките родови нееднаквости во економијата, постои опасност дека пандемијата ќе ја влоши економската положба на жените, особено од ранливите групи.

За преосмислување на иднината, постојат можности за да се даде одговор на трајните родови нееднаквости. За да се постигне и унапреди родовата еднаквост, од клучна важност е да се вклучи родовата перспектива во процесите за креирање политики и буџетирање на Владата, особено во време на пандемија.

За повеќе информации, види извештај на UN Women https://bit.ly/3sUNJ2F „Анализа на буџетските избори во време на пандемија: Унапредување на родовата еднаквост или нејзино уназадување?“

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 10 June 2021

www.un.mk